-- О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О --
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул.“ Светозар Марковиќ” бр.1, 2320 Делчево, Република Македонија
Тел/фах: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 19
18.03.2014 година

Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

**Уредува:**
**Одделение за човечки ресурси,**
**Правни и општи работи**

**Март, 2014**

# -1-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, Градоначалникот на Општина Делчево,на ден 18.03.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 14. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

I.Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 14.седница која се одржа на ден 15.03.2014 година и тоа:

1.Заклучок за усвојување на Квартлниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делечво за квартал 4;

2.Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2014;

3.Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2013 година со Годишен извештај на Општина Делчево за 2013 година;

4.Буџетски календар;

5. Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти за развој на специфични развојни подрачја.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-623/1**
**18.03.2014 година**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански , с.р.**

## -2-

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5.2002), Советот на општина Делчево, на својата 14.редовна седница, одржана на ден 15.03.2014 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за квартал 4**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 4.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 07-566/1**
**15.03.2014 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов , с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 3 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на општина Делчево бр.15/2013), Советот на општина Делчево на седницата одржана на 15.03.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката**
**за извршување на буџетот на Општина Делчево за 2014 година**

Во Одлуката за Извршување на Буџетот на општина Делчево за 2014 год. се вршат следниве измени:

**Член 1**

Се дополнува член 9 став (1) алинеја 17 со „до 30.09.2014, а од 01.10.2014 до 31.12.2014 вредноста на бодот изнесува 77,5 денари“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево", а ќе се применува од 01 октомври 2014 година.

**Број 07-567/1**
**15.03.2014 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов , с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09), Советот на Општина Делчево на својата 46 седница одржана на 15.03.2014 година, донесе

## З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2013 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2013 година изнесуваат:

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **223.576.000** | **202.461.647** |
| • даночни приходи | 36.593.000 | 32.154.283 |
| • неданочни приходи | 14.920.000 | 7.617.866 |
| • капитални приходи | 16.852.000 | 12.397.287 |
| • приходи од дотации | 116.124.000 | 115.993.677 |
| • трансфери | 26.595.000 | 23.772.668 |
| • донации | 12.492.000 | 6.464.471 |
| | | |
| | | |
| **Вкупни расходи** | **223.476.000** | **201.240.654** |

| | | |
|---|---|---|
| - утврдени намени | 223.476.000 | 201.230.654 |
| - резерви | 100.000 | 10.000 |
| | | |
| | | |
| **Прилив** | | |
| - продажба на хартии од вредност | | |
| - приливи од домашен заем | | |
| - приливи од странски заем | | |
| - други приливи | | |
| | | |
| **Одлив (отплата на главнина)** | | |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Делчево на 31.12.2013 година претставува разлика од дефицитот од тековната 2013 година (5.843.394) и од пренесениот вишок на приходи од претходната 2012 година(12.219.297 ден.) и изнесува:

| | |
|---|---|
| **Салдо на 31-12-2013** | **6.375.903 денари** |
| Салдо -основен буџет | 459.534 денари |
| Салдо буџет- дотации | 3.285.591 денари |
| Салдо буџет- самофинансирачки активности | 2.475.285 денари |
| Салдо буџет- донации | 155.493 денари |

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 459.534 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на Општина Делчево за 2014 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од 3.285.591 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на Општина Делчево за 2014 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 2.475.285 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Делчево за 2014 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 155.493 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации на Општина Делчево за 2014 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2013 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени:

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2013 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Делчево".

**Број 07-568/1**
**15.03.2014 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов , с.р.**

# -5-

Согласно чл.27 став 3 од Законот за финансирање на ЕЛС, Советот задолжително ги утврдува роковите за планирање на општинскиот буџет кои се регулираат со

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

1.Советот на Општината го донесува **буџетскиот календар** во месец

**ЈАНУАРИ-МАРТ.**

2.Министерот за финансии изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** во месец **МАРТ.**

3.Советот на општината ја донесува или разгледува **фискалната стратегија** на општината во месец **МАРТ или АПРИЛ.**

4.Градоначалникот на општината ги утврдува главните **насоки за**

**подготвување на финансисиките планови на општинските буџетски корисници**, во месец **МАЈ.**

5.Градоначалникот на општината ги доставува до **општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансисиките планови**, во месец **МАЈ.**

6.Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки - финансиски планови**, **со образложение за висината на износите во** месец **ЈУНИ-ЈУЛИ.**

7.Финансискиот оддел на општинската администрација ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го **известува** Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) во месец **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ.**

8.Министерот за финансии го доставува до општината **буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ.**

9.Финансискиот Оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот на општината го **подготвуваат предлог-буџетот на општината** во месец **ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ.**

10.Градоначалникот на општината **го доставува до Советот на општината предлог буџетот на општината** во месец **НОЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ.**

11.Советот на општината **го донесува буџетот** на општината за наредната година најдоцна **до крајот на месец ДЕКЕМВРИ.**

**Број 07-569/1**
**15.03.2014 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов , с.р.**

# -6-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со програмата за рамномерен регионален развој за 2014 година, Советот на општина Делчево на својата 14. седница одржана на ден 15.03. 2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти за развој на специфични развојни подрачја**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува износот на средствата за сопствено учество на Општина Делчево за проектот “Изработка на планска документација за развој на туризмот и уредување на туристичките локалитети во с.Град – Делчево“.

Проектот е поднесен до Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2014 година.

**Член 2**

За проектот “проектот “Изработка на планска документација за развој на туризмот и уредување на туристичките локалитети во с.Град – Делчево. Општина Делчево како апликант ке обезбеди финансиски средства за сопствено учество во висина од 150.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на општина Делчево за 2014 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Број 07-585/1**
**15.03.2014 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов , с.р.**

# СОДРЖИНА


| Р.бр. | Име на акт | Архивски број | Страна бр. |
|---|---|---|---|
| -1- | Решение за објавување акти од 14 седница на Советот на Општина Делчево | **Број 08-623/1** | 2 |
| -2- | Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 4 | **Број 07-566/1** | 3 |
| -3- | О длука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Делчево за 2014 година | **Број 07-567/1** | 4 |
| -4- | Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2013 година | **Број 07-568/1** | 5-7 |
| -5- | Буџетски календар | **Број 07-569/1** | 7-8 |
| -6- | Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти за развој на специфични развојни подрачја | **Број 07-585/1** | 8-9 |
| -7- | СОДРЖИНА | | 9 |